Република Македонија
**Министерство за правда**

Бр. 07-1007/18
Скопје, [illegible] год.

Влада на Република Македонија

Министерство за правда

Димитрие Чуповски бр. 9
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3 106 592
Фах. (02) 3 227 327

Сајт: www.pravda.gov.mk
E-Mail:

**До: Влада на Република Македонија**
**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Предмет: Извештај од спроведени консултации по однос на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура,**

*Почитувани,*

Согласно член 8 и 9 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/11), Министерството за правда во постапката на подготовка и пред поднесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, Ве известува дека во предложениот текст на истиот се овозможи јавен увид, односно истиот беше објавен на ЕНЕР, заедно со образец број 1-План за почетна процена на влијанието на регулативата и обрзец број 2 –Иницијалната проценка на влијанието на регулативата, како и на веб страната на министерството. Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да го дадат своето мислење и коментари по Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура.

Согласно горенаведеното, Министерството за правда доставува извештај дека од страна на засегнатите страни од јавниот увид нема добиени коментари, мислења и предлози по однос на Предлог на Законот за изменување и дополнувањена Законот за адвокатура, по **објавувањето на ЕНЕР.**

Република Македонија
**Министерство за правда**

[redacted]

Согласно член 4 од Упатството Министерството за правда Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура заедно со пропишаните прилози ги има објавено на веб страната на министерството.

Воедно Министерството за правда Ве известува дека Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура го достави на мислење до Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии на РМ, Адвокатската комора на РМ и Министерството за информатичко општество и администрација.

Адвокатската комора не даде свое мислење во однос на Предлог законот.

Министерство за финансии не даде свое мислење по однос на фискалните импликации.

Министерството за правда постапи по забелешките од Секретаријатот за законодавство и изврши усогласување.

Министерството за правда постапи по забелешките од Секретаријатот за европски прашања.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**Blerim Bexheti**